# ЗЕЛЕН ЗАПАДЕН БАЛКАН
# НАШАТА ЗАЕДНИЧКА ЕВРОПСКА ИДНИНА

Регионалниот проект „Академија Од фарма до Вилушка за Зелен Западен Балкан – Нашата заедничка европска иднина“ ги вклучува следните земји: Албанија, Босна и Херцеговина, Косово*, Црна Гора, Северна Македонија, Србија и Хрватска. Проектот „Академија Од фарма до Вилушка“ - е имплементиран од националните мрежи за рурален развој во шесте земји од Западен Балкан (ЗБ-6) и Хрватска и нивната регионална платформа за соработка Балканска мрежа за рурален развој (БМРР).

| | |
|---|---|
| **Наслов на проектот** | „Академија Од фарма до Вилушка за Зелен Западен Балкан – Нашата заедничка европска иднина“ |
| **Финансиран од** | Европската комисија<br>за регионалните тематски мрежи на граѓански организации<br>EuropeAid/174154/DH/ACT/Multi<br>Лот 3: Зелена и дигитална транзиција |
| **Проектен регион** | ЗБ-6 земји и Хрватска |
| **Водечка организација** | Албанска мрежа за рурален развој |
| **Времетраење** | 16.01.2023 – 15.01.2027 |
| **Буџет** | 1.442.183,16 евра |

* Оваа ознака не е во спротивност со позициите за статусот и е во согласност со Резолуцијата 1244/1999 и Мислењето на МСП за Декларацијата за независност на Косово

## Контекст

Руралните области во ЗБ-6 се и економски и демографски многу важни. Секторот за земјоделство и рурален развој е главната економска активност, која игра суштинска улога во општествениот и економскиот развој на регионот. Сепак, структурните ограничувања и предизвиците на ресурсите го попречуваат одржливото земјоделство и руралниот развој во регионот. Дополнително, загубите во биолошката разновидност, климатските промени и временските екстремни промени кои ги погодуваат малите стопанственици ширум регионот, заедно со високата фрагментација на земјиштето, негативно влијаат на регионот и на одржливоста на неговиот земјоделски сектор. Шесте земји од Западен Балкан се соочуваат со слични предизвици во трансформацијата и модернизирањето на нивниот сектор за земјоделство и рурален развој.

Постои општа свест за сложеноста и предизвиците што процесот на реформи во аграрниот и руралниот сектор кон интеграција во ЕУ ги поставува за малите земјоделски стопанства. Земјоделците со мали стопанства се соочуваат со низа предизвици во обезбедувањето стандарди за квалитет на храната и барањата за безбедност на храната, со цел нивните производи да бидат конкурентни на националниот и меѓународниот пазар. Сепак, нема доволен напредок во зелената

транзиција на секторот. Од друга страна, на земјоделците им недостасува знаење и вештини кои би ја олесниле нивната транзиција во одржливи земјоделски практики, вклучително и органско земјоделство или не успеале да прифатат нови техники и да инвестираат во паметни и економични машини или процеси.

Шест земји од Западен Балкан се во процес на нивно правно приближување со ЗЗП (EU CAP) на ЕУ и понатаму ќе направат напори да се усогласат со мерките на Зелената агенда. И покрај тоа што овој процес го водат владите на земјите од Западен Балкан, но НРМ (Националните Рурални Мржи) како актери на граѓанското општество остануваат важни играчи за одржлив процес на европска интеграција и тие треба да бидат вклучени на сите нивоа во подготовката, имплементацијата и следењето на имплементацијата на правото на ЕУ. Освен нивната експертиза и знаење, НРМ следи и бара одговорност од соодветните влади за забрзани реформи и спроведување на политиките на ЕУ ЗЗП (EU CAP) и градење доверба во реформите и генерирање на потребната јавна поддршка во процесот на интеграција во ЕУ.

## Проектна интервенција

Проектот се фокусира на имплементација на процесот, приближување и интеграција во ЕУ на земјите од Западен Балкан во секторот за земјоделство и рурален развој преку унапредување на зелената и правична транзиција во регионот преку придонесот на актерите од граѓанското општество. Тоа ќе се спроведе преку стимулирање подобра средина за мрежите на ГО и другите засегнати страни од руралните средини проактивно да придонесат во справување со општествените предизвици поврзани со климатските промени и загубите на биолошката разновидност. Исто така, преку градење на компетенции способни да им помогнат на земјоделците и руралните заедници кон зелена и правична транзиција низ регионот. Мрежите на ГО  се способни да одржат партиципативни консултации и конструктивен политички дијалог за да се забрза процесот на реформи од долу нагоре, во приближувањето кон заедничката земјоделска политика на ЕУ (ЗЗП), особено усогласувањето со Зелениот договор на ЕУ и Стратегијата „од Фарма до вилушка“.

## Компетенции за општествено влијание

„Академијата „од Фарма до вилушка“ ќе ги поддржи и изгради одржливите капацитети на ГО и мрежите на ГО, овозможувајќи им ефективно да се справат со тековните општествени предизвици. Тоа ќе се постигне преку испорака на приспособени програми за обука кои се фокусираат на одржливи системи за храна и основни ресурси. „Академијата „ од Фарма до вилушка“ има за цел да го зајакне граѓанскиот сектор, овозможувајќи му подобро да  служи на своите партнери, вклучувајќи ги земјоделските и руралните заедници во регионот.

Регионалната Академија „од Фарма до вилушка“ ќе понуди сеопфатна програма за обука на обучувачи (ТоТ), насочена кон претставници од ГО во ЗБ-6. Обуките за обучувачи ќе покриваат релевантни теми поврзани со стратегијата „од Фарма до вилушка“. Учесниците на обуките за обучувачи последователно ќе ги пренесат своите новостекнати знаења на граѓанските организации на национално ниво во регионот. Дополнително, НРМ ќе започне национална кампања за подигање

на свеста за одржлив и зелен систем на храна.

## Одржливи локални решенија

**Фондот на академијата** „од Фарма до Вилушка“ е посветен на обезбедување финансиска поддршка за ГО и мрежите на ГО со фокус на поддршка на локално водени акции од мал обем промовирани од граѓанските организации за иновативни, зелени и инклузивни решенија за одржливи системи за храна и основни ресурси. Фондот на академијата „од Фарма до Вилушка“ ќе ги поддржи НРМ во 6те земји од Западен Балкан и Балканската Мрежа за Рурален Развој во подобрувањето на коалицијата и градењето капацитети за зголеменото влијание на граѓанските организации врз процесите на реформите во земјоделството и руралните средини. Додека **наградите на Академијата** „од Фарма до Вилушка“ ќе послужат како инструмент за воведување и промовирање одржливи решенија кои се однесуваат на заштитата на животната средина и биолошката разновидност.

Со цел да се поттикне вмрежување, пренос на знаење, размена на добри практики во одржливи системи за храна и основни ресурси, Фондот на Академијата „од Фарма до Вилушка“ ќе организира работилници со отворени врати, предводени од ментори за мали групи на млади фармери.

## Застапување и агенда на политики одоздола нагоре

Основниот водечки принцип и основачката перспектива на НРМ во ЗБ-6 е во фокус на промовирање на принципот одоздола нагоре, инклузивен и партиципативен рурален развој. Во оваа насока, предложените иницијативи за застапување на регионално и национално ниво се стремат да го подигнат гласот на луѓето од руралните средини и другите ранливи групи како што се мали фармери, млади фармери, групите на женски производители, шумарите итн., и да го доведат до креирање на одржливи политики.

## Вмрежување за одржлив рурален развој

**Националните мрежи за рурален развој** во ЗБ-6 и Хрватска претставуваат движечка сила во обликувањето на пејзажот за рурален развој во земјите од регионот. НРМ, составени од посветени граѓански организации кои се катализатори за промени, застапувајќи ги интересите и аспирациите на засегнатите страни од руралните средини. НРМ се залагаат за инклузивни, партиципативни и пристапи одоздола нагоре кон руралниот развој. Тие играат важна улога во поттикнувањето на соработката меѓу различни засегнати страни, вклучително: јавните власти, економските и социјалните партнери и претставниците на граѓанското општество.

Воспоставувањето на **Балканската мрежа за рурален развој** (БМРР) дополнително го зајакнува нивното регионално влијание и споделувањето искуства. Нивната посветеност на креирање политики засновани на докази и иницијативи со пристапот “одоздола нагоре” поттикнува подобрување на квалитетот на животот во руралните области и го забрзува усогласувањето со стандардите на Заедничката земјоделска политика на ЕУ. Овој проактивен пристап им дава енергија

на локалните засегнати страни, овозможувајќи им ефективно да се вклучат со владите и другите релевантни рурални актери за да ги обликуваат политиките и акциите за одржлив рурален развој.

----------------------------------------------- ----------------------------------------------- ---------------------------------------

Овој информативен лист е финансиран од Европската Унија. Неговата содржина е единствена одговорност на партнерите на проектот и не мора да ги одразува ставовите на Европската унија.
Контакт:
Е-пошта: info@ruralnet.mk
Facebook: Farm to Fork Academy
*Instagram: farmtoforkacademyproject*
*#FarmToForkWB #SustainableAgriculture #GreenInnovation #Farming4Sustainability*